# Права и одговорности на вршителот/ката на вознемирувањето

## Што се случува ако вие сте вршител/ка на вознемирувањето?

Вие имате право:

- да бидете информирани дека е покрената постапка за заштита од вознемирување против вас;
- да бидете информирани за идентитетот на вознемируваното лице;
- во постапката за посредување може да учествува и претставник/чка на синдикатот во кој членувате, односно претставник/чка на вработените;
- се гарантира фер и непристрасна постапка;
- да бидете информирани за резултатите од постапката и за елементите кои се поврзани со постапката, но и за мерките кои ќе бидат преземени.

Потребно е да соработувате со лицето коешто е одговорно за спроведување на постапката.